Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по македонски јазик за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

**АДАПТИРАНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

**VIII ОДДЕЛЕНИЕ**

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

Скопје, август 2014

1. ВОВЕД

Наставата по македонски јазик на учениците им овозможува да развиваат интерес за запознавање и применување на македонскиот јазик како основно средство за комуникација, за учење, за уметничко изразување, за запознавање на јазикот како најкарактеристичен белег на националниот идентитет. Преку наставата по македонски јазик се развиваат способностите читање, пишување, усно и писмено изразување, сфаќање, доживување и толкување како на јазикот така и на литературните и други текстови.

Овој наставен предмет создава основа за стекнување знаења и од други наставни предмети затоа што преку практиката на воспитно-образовната работа по овој предмет се оперира со интегрално поврзаните процеси: мислење- говор-читање со разбирање. Со примена на интегрално поврзаните процеси во наставата по предметот македонски јазик учениците стекнуваат способности да ги користат содржините од останатите наставни предмети кои ги изучуваат.

Учениците преку оваа настава ќе се запознаат со структурата и системот на македонскиот стандарден јазик и на сите нивоа ќе ја усвојуваат и ќе ја применуваат стандарднојазичната норма (фонетско-фонолошка, морфолошка, синтаксичка, лексичка, правописна и ортоепска).

Според наставниот план за македонски јазик во VIII одделение се планирани по 4 часа неделно, односно 144 наставни часа годишно.
Наставниот предмет македонски јазик во наставниот план има статус на задолжителен наставен предмет.

## 2. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката да:

- развива социјален и личен идентитет преку анализа на книжевни текстови;
- се оспособува за усно и писмено изразување;
- го збогатува речникот;
- усвојува поими, содржини и правила од граматиката, правоговорот и правописот на македонскиот литературен јазик;
- ја запознава функцијата на зборовите и нивната примена во усното и писменото комуницирање;
- се поттикнува да чита и анализира текстови од уметничка и народна литература соодветна на возраста;
- анализира книжевно дело соодветно на возраста применувајќи ги основните теоретски поими (строфа, стих, рима, лик, дејство);
- препознае разни форми на писмено изразување (креативни текстови; текстови за практична намена);
- се поттикнува да користи книги и друг вид литература од библиотеките и од други извори;
- се воведува во интерпретирање и вреднување литературни, сценски, филмски остварувања и друг вид на медиумска продукција;
- развива свест за значењето на мирот, толеранцијата и соработката меѓу луѓето од различни култури.

3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ЗА VII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката да:
- се оспособи за правопис и правоговор на согласите и самогласките;
- разликува зборови кои ја менуваат и кои не ја менуваат својата форма;
-го проширува знаењето за видовите зборови: глаголи, сврзници, предлози;
- усвојува поими и правила од граматиката, правописот и правоговорот на македонскиот стандарден јазик;
- чита самостојно со разбирање на семантичкото значење на зборовите и речениците;
- користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- користи граматички и правописни норми при читањето и пишувањето;
- го збогатува речникот со нови зборови;
- развива чувство на припадност кон својата и почит кон другите култури;
- се оспособи за раскажување и прераскажување текст;
- следи информација од различни медиуми и да пренесува кратки информации;
- може вербално да репродуцира зборови и едноставни јазични искази;
- се здобие со основни информации од театарската и филмската уметност;
- ја коригира и усовршува артикулацијата на гласовите во македонскиот јазик (во зборови и реченици).

4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| Ученикот/ученичката да:<br><br>- се запознае со македонскиот јазик во 19 век;<br><br>- се запознае со поимот акцентска целост;<br>- се поттикнува на правилен изговор на акцентските целости;<br>- добие претстава за правилното акцентирање; | Македонскиот јазик во 19 век<br><br>Акцентска целост | Македонскиот јазик кај авторите од 19 век<br><br>Читање говор од уста<br><br>Дактилологија<br><br>Акцент | Аудио записи на стари пишани споменици и дејци од 19 век. Приказни и други текстови од тој период кои ги чита наставникот.<br><br>Вежби со текстови во кои има двосложни и тросложни зборови. Учениците го вежбаат акцентот со изговор на зборовите и потоа споредуваат.<br><br>Вежби со правоговор. |
| - ги препознае граматичките категории кај глаголите;<br><br>- се оспособи да го препознава глаголот во форми кои означуваат дејства кои се случуваат во моментот на зборувањето, пред или по моментот на зборувањето;<br><br>- ги разликува неличните глаголски форми; | Глаголи<br>Граматички категории<br><br>Прости и сложени глаголски форми<br>Сегашно време<br>Минато определено свршено/несвршено<br>Идно време<br><br>Глаголски форми<br>Нелични глаголски | Глаголи<br>Граматички категории кај глаголите<br><br>Глаголска именка<br>Глаголска придавка | Работа во групи: едната група ги кажува глаголите во сегашност, другата во минатост, третата во идност.<br>Говорни вежби со употреба на различни времиња. Вежби со трансформација на времињата ( учениците се делат во три групи. Добиваат текстови кои ги креираат во времињата во кои не е текстот)<br><br>Вежби со препознавање нелични глаголски форми во даден текст. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ги препознава простите и сложените глаголски форми;<br>- да ги препознава прилозите во реченицата;<br>- да ги разликува прилозите за време, место, начин и количество;<br>- да ги препознава предлозите во реченицата;<br>- да ги препознава сврзниците во реченицата;<br><br>- да го препознава атрибутот како второстепен реченичен член во реченицата;<br><br>- да се запознае со сложената реченица;<br>- да прави разлика меѓу независносложени и зависносложени реченици;<br>- да се запознае со независно сложените реченици (составни, спротивни, разделни, исклучни и заклучни);<br>- да се запознае со лексичкото значење на зборовите;<br>- да се запознае со дијалектизми, интернационализми, турцизми;<br>- да се поттикнува на правопис и правоговор. | форми<br><br>Прилози<br><br>Предлози<br><br>Сврзници<br><br>Атрибут (повторување)<br><br>Сложена реченица Независно сложени и зависно сложени<br><br>Лексичко значење на зборовите<br><br>Правопис и правоговор | Глаголски прилог<br>Глаголска л-форма<br><br>Прилози<br><br>Предлози<br><br>Сврзници<br><br>Атрибут<br><br>Сложена реченица<br><br>Составни<br>Спротивни<br>Разделни<br>Исклучни<br>Заклучни<br><br>Лексичко значење на зборовите<br><br>Дијалектизми<br>Интернационали | Индивидуална работа (добиваат глагол од кој ги прават неличните глаголски форми)<br><br>Вежби со прилозите.<br>Учениците добиваат реченици во кои нема прилози. Се дискутира дали нешто недостасува во реченицата, а потоа добиваат реченици во кои има прилози па повторно се дискутира.<br>Вежби со реченици во кои ги подвлекуваат прилозите. Табели со поделба на различни прилози<br>Во подолг текст изоставени се предлозите. Учениците го дополнуваат текстот со нив. Пр. Книгата е ...масата. Јас одам...училиште. Возот се движи...шини.<br><br>Вежби за атрибут преку опис на именки.Пр. Лавот,...,е многу силно животно.<br><br>Вежби во парови со дополнување на секој поим (именка) со второстепен реченичен член.<br>Вежби за сите видови независносложени реченици. Пр. Учениците добиваат реченици и работат во парови за нивно препознавање.<br><br>Слушање записи со снимки од користење туѓи зборови – |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | зми<br>Турцизми | определување кој збор каква припадност има ( дали е некој дијалект, или пак турцизам, интернационализам).<br>Читање на извадоци од текстови – новинарски и воопшто публикувани текстови, стручни и научни, кои изобилуваат со интернационализми.<br>Читање на приказна запишана од Марко Цепенков-пример за дијалектизми и турцизми.<br>Слушање на емисија со хумор на дијалект и дискусија. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ ЛИТЕРАТУРА | | | |
|---|---|---|---|
| **ЦЕЛИ** | **СОДРЖИНИ** | **ПОИМИ** | **АКТИВНОСТИ И МЕТОДИ** |
| Ученикот/ученичката да:<br><br>- се запознае со лирските песни ( видови);<br>- да се запознае со елегии;<br>- да се запознае со лирско-епските песни (видови);<br>- да се запознае со балади и романси;<br><br>- да се оспособи за препознавање стилски фигури;<br>-да се запознае со основните карактеристики на романот;<br>- да се запознае со основните карактеристики на расказот;<br>- да се запознае со карактеристиките на драмскиот вид<br>- да се оспособи за правилно усно и писмено прераскажување<br>- да се оспособи за определување мотив, тема, идеја во даден текст | Лирски песни<br><br>Лирско епски песни<br><br>Балади и романси<br><br>Стилски фигури<br><br><br><br>Роман,<br>расказ<br>(настан, време, место)<br><br><br><br>Драма | Елегии<br>Балади<br>романси<br><br>Рефрен<br>Градација<br>Компарација<br><br>Роман,<br>расказ<br><br>Драмски текст | Аудио записи со уметничка интерпретација.<br>Слушање народни песни (споредба со уметничката поезија).<br><br>Читање на песни со различни мотиви.<br>Препознавање на романса. Пронаоѓање на стилските фигури.<br>Пронаоѓање на рефренот.Вежби со стимулации и ритмика.<br>Корелација со музичко и ликовно образование.<br>Читање песни со различна композиција.<br>Читање на песни со рима. Користење на ИКТ – на интернет бараат песни со 4 строфи<br><br>Вежби – работа во групи – творење песна, составуваат стихови<br>Вежби – откривање стилски изразни средства во даден текст. Работа во парови: добиваат песна во која има рефрен компарација, градација.<br>Учениците го читаат (или наставникот повеќепати им го чита). Учениците, поттикнати од интерпретативното читање, ги пронаоѓаат изразните средства.<br>Аудио записи за поттикнување на изразноста.<br>Секој кажува збор(именка) и го опишува. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | | | Читање текстови, разговор за содржината и поврзување на тој разговор со темата и идејата на текстот.<br>Читање фрагменти од романи.(избор од македонски и странски автори кои предизвикуваат тематски интерес кај оваа возраст)<br>Читање фрагменти од раскази.<br>Дискусија за раскажувач во наративен текст.<br>Дискусија за идејата и темата на наративните текстови.<br>Дискусија за настаните, времето и местото на случувањето на настаните.<br>Ликови во наративни текстови.<br><br>Вежби за гестовно читање на улоги во драмски текст.<br><br>Вежби: драматизација<br>Посета на театарска претстава или следење комедија со содржина соодветна на возраста.<br><br>Разговор за постапките на ликовите.<br><br>Разговор за ликовите во драмата, разговор кој им се допаѓа, со кој се идентификуваат. Преку разговорот вежбаат говорење, опишување и изнесување ставови. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката да:<br><br>- се оспособи за самостојно пишување;<br><br>- се оспособи за правилно опишување на лица, предмети, настани;<br><br>- се оспособи за правилно изразување;<br><br>- се запознае со правилата на пишување молба, жалба, пријава. | Писмено изразување | Опишување<br>Молба<br>Жалба<br>Пријава | Вежби за водење импровизирани разговори со цел опишување на даден лик, настан, ситуација..<br>Работа во парови: наизменично поставување прашања и давање одговори на блиски теми за ученикот/ученичката.<br>Опис на некоја ситуација од секојдневниот живот.<br><br>Вежби: за опишување и пишување.Пр. на учениците им се дава подготвен текст(урнек) во кој ќе дополнуваат.<br>Согласно добиените насоки за пишување, учениците индивидуално изработуаат вежби.<br>Говорни вежби.<br>Вежби со дополнување зборови во даден текст. |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ Медиумска култура** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката да:<br>- го препознава филмот;<br>-се запознае со филмската идеја;<br>- се запознае со сценариото за филмот;<br>- да ги пронаоѓа главните и споредните актери во филмот. | Филм<br>Филмска идеја<br>Сценарио<br>Главни и споредни ликови во филмот | Сценарио<br><br>Главни и споредни ликови | Филмови-следење исечоци. Работа на ИКТ – пронаоѓање на филмското дело ( податоци за него – сценарио, режија, актери<br>Разговор за некој филм. Анализа на дејството. Пронаоѓање главни и споредни ликови. Разговор за дејството во филмот.<br>Говорно изразување<br><br>Посета на кино претстава (3Д филм) |

5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД

За нормален интелектуален развој на личноста важна улога има и стекнувањето непосредни искуства од поголем број сензорни подрачја. Поради тоа, когнитивниот развој на децата со поголеми или помали оштетувања на сетилата за слух и вид наспроти лицата без ваков дефицит покажува побавно темпо.
За учениците со оштетен вид, стручњаците изразуваат најголем оптимизам во поглед на нормалниот развој на личноста. Учениците со оштетен вид можат да се поделат во три подгрупи:
1. лица со слаб вид кај што оштетувањето на видот воопшто не е откриено, па тие најчесто се оценети како мрзливи, пасивни, незаинтересирани и помалку снаодливи во просторот;
2. лица кај што постои видлив напор да се надминат проблемите што ги предизвикало оштетувањето. Тие се мотивирани за работа, компензаторните процеси имаат силно дејство за активирање на постојните способности, успешни се во училиштето и добро се социјализирани;
3. лица со оштетен вид кај што е дијагностицирано оштетување и кај што се манифестираат неприлагодени реакции. За разлика од децата што немаат пречки во видот, слепите деца почесто манифестираат агресивност во

своето однесување.
Учениците што имаат пречки во видот, поради неможноста за слободни движења, често моторно заостануваат. Во когнитивниот развој, особено во вербалниот, тие заостануваат бидејќи немаат можност за визуелна и иконичка репрезентација на средината. Од овие причини кај нив, во споредба со своите врсници, се забележува заостанување во образованието од 2-3 години.

6. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма по предметот македонски јазик овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: историја, музичко образование и физичко и здравствено образование. Во планирање на предметното подрачје Јазик (граматика) можат да се вклучат и содржини од: историја, математика (при сфаќање на односот меѓу предметите и зборовите). Подрачјето Литература се поврзува со музички стимулации и ритмички вежби (со ритмиката на поетските дела), но и со историски факти важни за филолошки прашања. Физичкото и здравственото образование се поврзува со македонски јазик (се прават вежби за правилно дишење или вежби при симулација на определени надворешни описи на ликови од книжевни дела).
Во севкупното планирање на содржините на наставниот предмет македонски јазик треба да се вклучуваат и планирања кои се поврзани со вреднување на постигањата на учениците за време на реализацијата на наставната програма и на крај од определени образовни периоди. Тоа подразбира дека вреднувањето треба да е дел и од дневните, тематските и од глобалните планирања на наставниот процес.
Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја. При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид индивидвидуалните способности на учениците, како и специфичностите на условите за изведување на оваа настава во училиштето. Во планирањето на наставната програма треба да се води сметка за различното тежинско ниво на програмските содржини во рамките на програмата што се извлекува од поставеноста на целите што треба да е основа на планирањето на наставниот процес. Во планирањето, исто така, како појдовна основа треба да е и поставеноста на наставната содржина, потребниот временски рок за реализација на истата, како и нивото на постигања на поставените цели. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.
Фондот на часови по наставниот предмет изнесува 144 часа годишно, 4 часа неделно.

**Наставни средства:**
-учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
-енциклопедии, речници и сл.;
-Интернет, образовни софтвери;
-списанија;
-аудитивни и други средства, ДВД-плеер и др.;
-други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, медиотеки, кина, театри, нациналнi паркови итн.

7. ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување на предзнаењата на учениците со цел да ја спознае состојбата таква каква што е, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти како што се: дијагностички тестови, со усни прашања подготвени од наставникот, со усни прашања подготвени од учениците и слично.

Добиените одговори се слика на ученичките предзнаења во најширока смисла на зборот и претставуваат основа за планирањата за реализација на наставната програма и процесот на оценување во текот на наставната година.

ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ

Во текот на наставата по македонски јазик во осмо одделение се препорачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на соодветни методи и постапки:

- разговори наставник/ученик;
- презентации;
- говорни вежби;
- домашни работи;
- портфолио-собирање на показатели (творби, искази и сл.) за секој ученик посебно.

Портфолиото треба во текот на целата година да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик.

Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

Добиените резултати од следењето на постигањата на учениците овозможуваат креирање на планираните усни и пишани повратни информации кои во форма на креирани описи се наменети за учениците, за родителите и за самите наставници. На крајот од секое тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување од чиишто резултати се оформуваат тримесечните вреднувања за постигањата на учениците.

СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ

Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето, проверката на постигањата на учениците во текот на реализацијата наставната програма наставникот ја констатира развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.

Од формираните сумативни оценки формулирани за секој ученик посебно раководејќи се од поставените нивоа на постигања во тек на определени временски периоди наставникот на крајот на учебната година внесува соодветни нумерички оценки.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по македонски јазик во осмо одделение може да ја изведува лице кое завршило:
Филолошки (порано Филозофски факултет):
-студиска група за македонски јазик и македоснка книжевност;
-студиска група за македонски јазик и книжевност;
-студиска група за македонска книжевност и јужнословенски книжевности(порано книжевности нанародите на СФРЈ);
-студиска група за општа и компаративна книжевност - наставна насока,
-студиска група за општа и компаративна книжевност - друга насока, со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет;
-двопредметни студии по македонки јазик и англиски јазик, македонски и француски јазик, македонски јазик и германски јазик;
-покрај соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет наставниот кадар треба да

се здобие и со дополнителна дефектолошка дообразба на соодветен факултет;
- дипломиран дефектолог.
Доколку на објавениот оглас не конкурирало лице со стекнато образовение од горенаведените студиски групи, настава може да изведува и лице кое завршило:
-македонски јазик како втор главен предмет-наставна насока.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Адаптираната наставната програма по македонски јазик за VIII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за девтегодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

Бр. 11-15638/1

30.09.2014 година

Министер

___________________________
Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Марина Д. Ѓоргиевска, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор